20111072562

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 473 став (3) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10 и 24/11), министерот за финансии, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОПИС НА СРЕДСТВАТА И ОБВРСКИТЕ И УСОГЛАСУВАЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА СО ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА УТВРДЕНА СО ПОПИСОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката состојба утврдена со пописот.

Член 2

Пописот на средствата и обврските вклучува:

1) утврдување на фактичката состојба на средствата и обврските;

2) утврдување на отстапувањата во број (количество) и вредност меѓу сметководствената и фактичката состојба;

3) детална анализа на причините за утврдените отстапувања;

4) предлагање на постапки и процедури за усогласување на сметководствената со фактичката состојба и

5) спроведување на избраните постапки и процедури за усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

Член 3

Усогласувањето на сметководствената со фактичката состојба на средствата и обврските опфаќа:

1) усогласување на физичката состојба и сметководствената вредност на средствата евидентирани во сметководствени евиденции во текот на пресметковниот период со фактичката состојба утврдена со пописот;

2) усогласување на сметководствената вредност на средствата и обврските утврдена со евидентирање на деловните настани во аналитичките евиденции за побарувања од купувачите, за обврски спрема добавувачите, за искористени и одобрени кредити и заеми, за примени и дадени аванси и друго до денот на пописот со нивната фактичка вредност утврдена со пописот и

3) усогласување на вредноста на средствата и обврските утврдена на начин опишан во точките 1) и 2) на овој член со вредноста на средствата и обврските утврдена со примена на метод различен од методот на историски трошок (вредност утврдена со примена на метод на трошок на замена, дисконтирана вредност, нето реализациона вредност, вредност утврдена според податоци на активни пазари и друго).

Член 4

Пописот се врши на:

1) средства во сопственост на трговецот, како што се: материјалните средства во сопственост на трговецот, материјалните средства земени под финансиски наем (лизинг), нематеријалните средства, вложувањата во недвижности, биолошките средства,

долгорочните и краткорочните финансиски средства, залихите, побарувањата, паричните средства, паричните еквиваленти, дадените аванси, активните временски разграничувања и други средства во сопственост на трговецот;

2) средства кои не се во сопственост на трговецот, а кои истиот ги поседува, користи и управува врз основа на закон, договор или по друг основ. Во рамки на овие средства спаѓаат: средствата земени под оперативен наем (лизинг), туѓата стока во обработка и доработка, комисионата и консигнационата стока, туѓиот материјал во обработка и доработка, хартиите од вредност вон промет и други средства кои трговецот ги поседува, користи, управува и слично врз основа на закон, договор или по некој друг основ и

3) обврски кои во согласност со правилата за водење сметководство претставуваат обврски на трговецот, како што се: сите долгорочни и краткорочни законски, договорни, изведени и други обврски кои се настанати, а не се платени до датумот на пописот, како и проценетите обврски (резервирањата) и другите обврски кои во согласност со правилата за водење сметководство претставуваат обврски на трговецот.

Член 5

Трговецот со посебен акт го утврдува начинот на попис кој одговара на специфичностите на неговата дејност и на карактеристиките на средствата и обврските кои се предмет на пописот, формирањето на една или повеќе пописни комисии и изборот на соодветните постапки за усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

Член 6

Пописот на средствата и обврските се врши на следните начини:

1) попис на одреден ден, кој е започнат и завршен на денот кога се утврдува фактичката состојба на средствата и обврските. Со пописот на одреден ден се утврдува фактичката состојба на: залихите, материјалните средства, вложувањата во недвижности, ситниот инвентар, паричните средства, паричните еквиваленти и другите облици на средства кои можат да се попишат на начин утврден во член 7 став (1) точка 1) од овој правилник;

2) постојан (перманентен) попис, кој претставува постојано (континуирано) следење на промените (зголемување и намалување) на средствата и обврските евидентирани во сметководствени евиденции на трговецот во текот на пресметковниот период. Состојбата на средствата и обврските утврдена на овој начин се смета за нивна сметководствена состојба која на денот на попис потребно е да се усогласи со фактичката состојба;

3) попис со додавање и одземање, се користи само во случај кога фактичката состојба на средствата и обврските објективно не може да се утврди со примена на начините од точките 1) и 2) на овој став. Овој начин подразбира претходно утврдување на фактичката состојба на средствата и обврските на одреден ден, кој е различен од денот утврден на начинот од точка 1) на овој став, и прилагодување на така утврдената фактичка состојба со документирано зголемување и намалување на средствата и обврските во временски период доволен да се утврди фактичката состојба на средствата и обврските и

4) попис врз основа на примерок, кој подразбира проценка на вредноста на предметот на попис како целина преку проценка на вредноста на репрезентативен примерок земен од предметот на попис. Овој начин се користи само во исклучителни случаи, за кои може да се докаже дека примената на некој друг начин на попис објективно не е можна или целисходна, како што е пописот на залихите на помошен материјал составен од голем број на елементи со мала поединечна вредност, и се спроведува во четири фази, и тоа:

- проценка на обемот на предметот на попис како целина;
- избор на големината на примерокот кој се смета за репрезентативен;
- проценка на вредноста на избраниот репрезентативен примерок и
- проценка на вредноста на предметот на попис како целина врз основа на проценетата вредност на избраниот репрезентативен примерок.

Член 7

Пописот на средствата и обврските односно утврдувањето на нивната фактичка состојба се врши преку:

1) мерење на должина, мерење на тежина, броење и други специфични постапки за утврдување на фактичката состојба на средствата кои се изразени во мерни единици, како што се: парче, килограм, литар, должен метар, кубен метар и слично;

2) пренос на податоци за состојбата на средствата и обврските од надворешна (екстерна) документација со која се потврдува нивната фактичка состојба, како што се: изводи од банките за состојбата и промената на денарските и девизните сметки на трговецот, писмени потврди за салдата на побарувањата и обврските доставени од страна на купувачите односно добавувачите, изводи од катастарски евиденции, изводи од Централниот депозитар на хартии од вредност и слично;

3) проценка на физичката состојба (обемот и специфичната тежина) на средствата кои објективно неможат да бидат попишани со постапките наведени во точка 1) на овој став, како што е: проценката на количината на камен, песок, чакал и слични агрегати, дрвата во шумите и на индустриските плантажи, рибите во рибниците, рудата во рудникот и слично;

4) проценка на вредноста на средствата и обврските кои за потребите на презентација во годишната сметка и финансиските извештаи не се вреднуваат со методот на историски трошок и

5) проценка на износот на расходи потребни за подмирување на обврските кои на денот на пописот му припаѓаат на трговецот кој врши попис, како што се: резервирањата, обврските за данок на добивка и друго.

Член 8

(1) Трговецот формира потребен број постојани или повремени комисии за попис, ги определува работите што треба да ги изврши комисијата за попис и лицата кои материјално се задолжени за средствата што се попишуваат и нивните непосредни раководители, го определува датумот кога започнува пописот, времето за вршење на попис и рокот за доставување на извештајот за извршениот попис со приложените пописни листи.

(2) Претседателот на комисијата и членовите на комисијата за попис се определуваат од редовите на вработените кај трговецот, освен вработените кои ракуваат со средствата што се попишуваат, односно кои се материјално задолжени за средствата што се попишуваат, вработените кои се овластени да одлучуваат за набавката, трошењето, продажбата, плаќањето и за други постапки врз основа на кои доаѓа до зголемување или намалување на состојбата на средствата и обврските, нивните непосредни раководители, како и вработените кои водат евиденција за промените на средствата и обврските кои се предмет на пописот.

(3) Кај микро трговецот и трговецот поединец пописот на средствата и обврските може да го изврши едно лице.

(4) Доколку трговецот нема вработени лица тогаш претседателот на комисијата и членовите на комисијата за попис се определуваат од други лица.

Член 9

(1) Лицата материјално задолжени за средствата што се попишуваат и нивните непосредни раководители, најдоцна до денот определен за започнување на пописот ги вршат неопходните подготвителни активности заради полесно, побрзо и правилно вршење на пописот.

(2) Подготвителните активности за вршење на пописот опфаќаат:

1) физичко уредување на складиштата и другите места каде се наоѓаат средствата на трговецот, сортирање на средствата според вид, квалитет, физичка состојба и слично;

2) овозможување на физички пристап до сите количества и видови на средства кои се попишуваат;

3) подготовка и доведување на специфичните материјали или стока кои се складираат рефус (житарки, камен, чакал, песок, јаглен, железна и друг вид на руда, глина, сено и слично) во состојба погодна за попис;

4) проверка, и доколку е потребно повторно означување на предметот на попис со етикети, декларации, бар кодови или со други пропишани ознаки;

5) издвојување на расипаните, искршените или на друг начин оштетени или уништени средства кои се без или се со намалена употребна вредност;

6) издвојување на нефункционалниот инвентар, опрема и слично и

7) други подготвителни активности, како што се проверка, ажурирање, комплетирање, сортирање и други соодветни постапки со екстерната или интерната документација врз основа на која е можно да се утврди фактичката состојба на обврските, како и на средствата кои не се попишуваат на начините од член 7 став (1) точки 1) и 3) на овој правилник (потврди на салдата на побарувањата и обврските, записници на даночните и други контролни органи, акти на органите на управата, елаборати за проценка на вредноста, судски решенија и друго).

Член 10

(1) Комисијата за попис пред започнување на пописот составува план за работа.

(2) Пред започнување на пописот на комисијата за попис и се даваат податоци за номенклатурните броеви, називите, видовите и единечните мерки на средствата кои се предмет на пописот, податоци за називот на купувачите и добавувачите со кои трговецот стапил во должничко – доверителски односи, деловните банки во кои има отворено сметки, одобрени кредити и слично, како и други податоци кои на комисијата за попис можат да и ја олеснат работата, освен податоците од став (3) на овој член.

(3) Комисијата за попис не треба да има пристап до сметководствените податоци за количините и вредноста на средствата и обврските кои се предмет на пописот пред запишувањето на фактичката состојба во пописните листи, и нивното доставување на заверка кај одговорното лице, односно кај лицето овластено за тоа.

(4) Пописните листи се составуваат посебно, според аналитичките сметки на средствата и обврските кои се предмет на пописот во најмалку два примерока.

(5) Во пописните листи се внесуваат податоци за номенклатурните броеви, називите, видовите, единиците на мерки, фактичките количини, доколку е применливо, и фактичките вредности, поединечно за средствата и обврските кои се предмет на пописот.

(6) Податоците за средствата и обврските чија фактичка состојба на денот на пописот не е можно да се утврди или за кои не постои уредна документација се внесуваат во посебни пописни листи.

(7) Средствата кои му припаѓаат на трговецот, а коишто не се затечени на денот на попишувањето (средства на пат, во странство, дадени на услуга, на заем, на чување, за поправка, обработка и доработка и слично), се попишуваат во посебни пописни листи врз основа на веродостојна сметководствена документација, освен ако до денот на завршувањето на пописот не се примени пописните листи од субјектот кај кого тие средства се наоѓаат.

(8) Трговецот кај кого се наоѓаат туѓи средства од став (7) на овој член, тие средства ги попишува во посебни пописни листи и листите веднаш по извршениот попис ги доставува на субјектот на кој тие средства му припаѓаат.

(9) Промените настанати помеѓу денот на попишувањето и определениот ден под кој пописот се врши, се внесуваат во пописните листи дополнително врз основа на сметководствени документи за тие промени.

(10) Средствата чија вредност е намалена поради оштетување, неисправност, застареност и слично се попишуваат во посебни пописни листи заради полесно утврдување на вишоците и кусоците.

(11) Фактичката состојба на паричните средства, паричните еквиваленти, хартиите од вредност се попишува во посебни пописни листи.

(12) Пописните листи се сметководствен документ чија веродостојност со потпис ја потврдуваат членовите на пописната комисија.

Член 11

Комисијата за попис ги врши следните работи:

1) утврдување, мерење, пребројување и поблиско опишување на средствата и внесување на тие податоци во пописните листи;

2) запишување на промените настанати меѓу денот на попишувањето и определениот ден под кој се врши пописот;

3) внесување на сметководствената материјална состојба на средствата во пописните листи;

4) утврдување на разлики во бројот (количината) меѓу сметководствената и фактичката состојба на средства;

5) внесување на вредноста (цената) по единица мерка на средствата во пописните листи;

6) пренос на податоците за состојбата на средствата и обврските од надворешната (екстерна) документација која се користи за потврда на состојбата;

7) вредносно пресметување;

8) утврдување на вредносни разлики меѓу сметководствената и фактичката состојба на попишаните средства и обврски;

9) утврдување на причините за несогласување меѓу состојбата утврдена со пописот и сметководствената состојба;

10) потпишување на пописните листи и

11) составување на извештај за извршениот попис.

Член 12

(1) Извештајот за извршениот попис особено содржи:

- податоци за датумот на почеток и завршување на пописот;

- преглед на материјалните (физичките) и вредносните разлики меѓу фактичката и сметководствената состојба и причините за разликите;

- преглед на сметководствената вредност на средствата и обврските чија фактичка вредност на денот на пописот не е утврдена, со соодветни образложенија;

- забелешки и објаснувања во врска со утврдените разлики дадени од лицата кои ракуваат со средствата, односно кои се задолжени со материјалните (физичките) и паричните вредности;

- предлози за ликвидација на утврдените разлики (пребивање на кусоците и вишоците настанати по основ на замена на исти и слични видови, односно средства и вредност, начинот на надоместување на кусоците и приходување на вишоците, отпис на застарените побарувања, приходување на застарените обврски и

- останати забелешки и предлози на комисијата за попис односно на лицето од член 8 став (3) на овој правилник во врска со пописот.

(2) Извештајот за извршениот попис, заедно со пописните листи и актот на одговорното лице на трговецот за постапките за усогласување на сметководствената со фактичката состојба на попишаните средства и обврски се доставува за книжење до лицето на кое трговецот го доверил водењето на трговските книги и составувањето на годишната сметка и финансиските извештаи, заради усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и обврските.

Член 13

(1) Усогласувањето на сметководствената со фактичката состојба на попишаните средства и обврски се врши со постапките утврдени во став (2) на овој член, во зависност од утврдените причини за несогласување меѓу сметководствената и фактичката состојба.

(2) Постапките од став (1) на овој член опфаќаат:

- исправка на грешка во случаите кога со пописот се идентификувани погрешно прокнижени деловни настани, деловни настани прокнижени врз основа на неверодостојна сметководствена документација или деловни настани за кои е утврдено дека не се случиле до датумот на пописот;
- евидентирање на идентификуваните, а непрокнижени деловни настани настаните до датумот на пописот;
- евидентирање на идентификуваните, а непрокнижени деловни настани кои се однесуваат на настани по датумот на попис, ако истите во согласност со сметководствените прописи се корективни деловни настани;
- евидентирање на утврдените, а неевидентирани кало, растур, дефект и крш на средствата кои по своите карактеристики или поради техничко-технолошките специфичности на работниот процес на трговецот подлежат на таков вид на загуби;
- отпис на застарените и другите неплатени обврски за кои е утврдено дека нема да доведат до одлив на парични средства или на други економски користи заради нивно плаќање;
- отпис и исправка на вредноста на сомнителните и спорни побарувања;
- евидентирање на пресметаните курсни разлики, нереализирани добивки или загуби од финансиските средства и финансиските обврски и
- други пропишани постапки.

(3) Усогласувањето на сметководствената со фактичката состојба со евидентирање на кусоците и вишоците, по правило, се врши само во случаите кога со примената на некоја од постапките од став (2) на овој член не е можно да се отстрани суштинската причина за утврденото несогласување.

Член 14

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба („Службен весник на Република Македонија” бр. 48/03).

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 12-20725/3
3 август 2011 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.